Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број:14-108/8**

**Дата: 04.10.2019**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за економија, сметка на основен буџет (637), за 2018 година.

За 2018 година, ревизијата изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Министерството за економија, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење во делот на усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2014 година на Министерството за економија, е извршена во јануари 2017 година при што е констатирано дека од вкупно дадените единаесет препораки, две од препораките се делумно спроведени, две се во тек на спроведување, шест препораки не се спроведени и за една препорака е констатирано дека е неприменлива.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Министерството за економија, сметка на основен буџет (637), за 2018 година констатирани се одредени состојби и тоа:

- извршената распределба на финансиски средства на кластерските здруженија не е согласно утврдените бодови од страна на Комисијата, не е во согласност со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, со кој е уредено дека распределбата на средства ќе се врши согласно критериумите објавени во јавниот повик и придонесува за

субјективност во одлучувањето, несоодветно доделување на средства и повластена положба на одредени кластерски здруженија;
- три кластерски здруженија, на кои биле дододелени парични средства за реализација на проекти за кои аплицирале, не ги реализирале проектите и биле должни да ги вратат неискористените средства на сметка на Буџетот на РМ во утврден рок, но истите тоа не го направиле;
- дел од вработените кои се задолжени за користење на службените возила не изготвувале налози за користење на службените возила;
- вредноста на Материјални средства во подготовка искажана е во поголем износ поради не пренесување на градежен објект на новиот субјект кај кого со одлука на владата е пренесено правото на користење на комплексот Македонско село и
- состојбата на Нематеријални средства е нереално искажана поради не извршено пренесување, отстапување на геолошка документација на Геолошкоит завод.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на министерот на Министерството за економија, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставена е забелешка која се однесува на дадената препорака на наодот од точките 4.1.3.. Забелешката е разгледана и е оценето дека истата не се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 16 до 18 и ревизија на усогласеност на Министерството за економија, сметка на основен буџет (637), за 2018 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2018 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2014 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за економија, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење во делот на усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Крешник Бектеши, министер од 01.06.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на Министерството за економија, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.03. до 28.06.2019 година, кај Министерството за економија, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2014 година на Министерството за економија е извршена во 2017 година, при што е констатирано дека најголем дел од препораките не се спроведени, дел делумно се спроведени или се во тек на спроведување.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 19.07.2019 година.
На ден 02.10.2019 година, од страна на министерот на Министерството за економија доставена е забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведена во Државниот завод за ревизија под број 14-108/7 од 03.10.2019 година. Забелешката се однесуваат на препораката од точката 4.1.3., која е разгледана и е оценето дека истата не се прифаќа во функција на спречување на ризиците од неевидентирање на зголемување на набавната вредност на објектот при идни реконструкции и вложувања во истиот.
**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. На сметка Разни трансфери во 2018 година евидентирани се расходи во вкупен износ од 5.000 илјади денари по основ на доделени средства за проекти на 16 кластерски здруженија, согласно Дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување Мерка 1: Поддршка на проекти од кластерските здруженија „Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси“, од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, донесена од Владата на РМ.

Во Јавниот повик за поддршка и развој на кластерското здружување, објавен на 02.03.2018 година на веб страната на Министерството за економија и во две јавни гласила на 07.03.2018 година, наведени се активностите кои треба да се опфатени со проектите, потребните документи за пријавување и критериуми со утврдени бодови. Комисијата која била формирана од министерот, извршила евалуација на барањата согласно критериумите и утврдила бодови за секое кластерско здружение, дала предлог до министерот, а министерот донел Одлука врз основа на овој предлог, при што распределбата на средствата не е соодветна со поединечно освоените бодови.

Ревизијата утврди дека на кластерски здруженија кои за проектите имаат освоено ист број на бодови (80) доделени се различни износи на финансиски средства (од 104 до 347 илјади денари) или на кластерски здруженија за проекти кои освоиле помалку бодови доделени се повеќе средства (за освоени 70 бода доделени се 330 илјади денари, а за освоени 90 бода доделени се 293 илјади денари). Министерството за економија нема донесено интерен акт за работа на Комисијата за разгледување на барањата за доделување на средства за поддршка и развој на кластерското здружување, со кој ќе се утврди начинот на евалуација и доделување на финансиските средства.

Вака извршената распределба на финансиски средства на кластерските здруженија која не е согласно утврдените бодови од страна на Комисијата, не е во согласност со Дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување Мерка 1: Поддршка на проекти од кластерските здруженија, став 2 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, со кој е уредено дека распределбата на средства ќе се врши согласно критериумите објавени во јавниот повик и придонесува за субјективност во одлучувањето, несоодветно доделување на средства и повластена положба на одредени кластерски здруженија.

**Препораки:**

- Одговорните лица во Министерството за економија да донесат интерен акт за работа на Комисијата за разгледување на барањата за доделување на средства за поддршка и развој на кластерското здружување, со кој ќе се утврди начинот на евалуација и доделување на финансиските средства и

- Комисијата за разгледување на барањата за доделување на средства за поддршка и развој на кластерското здружување, по извршената евалуација и утврдување на вкупниот број на бодови на сите комплетни и уредни барања, а согласно обезбедените средства со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, да утврди вредност на бодот.

4.1.2. Со извршениот увид во договорите, извештаите и доказите за реализираните активности во врска со проектите на кластерските здруженија на кои им се доделени средства се констатира дека од вкупно доделените средства во износ од 5.000 илјади денари, реализирани се 4.134 илјади денари, а нереализирани се 866 илјади денари. Дел од нереализираните средства во износ од 177 илјади денари се вратени на сметка на Буџетот на РМ. Останатите средства во износ од 689 илјади денари се доделени на три кластерски здруженија кои не ги реализирале проектите и истите имале обврска да ги вратат на сметка на Буџетот на РСМ најдоцна во утврдениот рок до 30.04.2019 година.
Невраќањето на неискористените средства од страна на кластерските здруженија кои не ги реализирале проектите, не е во согласност со член 7 од договорите за доделување на средства и има за ефект ненаменско и незаконско користење на средства и намалени приходи во Буџетот на РСМ.
Во април 2019 година доставено е известување до кластерските здруженија за обврската за враќање на средствата, а доколку тоа не го сторат Министерството за економија ќе отпочне судска постапка. И покрај известувањето средствата не се вратени, а Секторот за индустриска и инвестициска политика до Секторот за правни работи со допис бр.18-2463/2 од 25.06.2019 година ја доставил целата документација за трите кластерски здруженија со барање да отпочне судска постапка во Основниот суд Скопје 2- Скопје.

**Препорака:**
Министерот дда преземе мерки и активности и одобрувањето на средствата да се сообрази со динамиката на реализација на проектните активности.

4.1.3. На сметката Реконструкција на деловни објекти во текот на 2018 година евидентиран е расход во износ 623 илјади денари со ДДВ, врз основа на извршени плаќања по добиена фактура и завршна ситуација од 24.12.2018 година, за извршена реконструкција на сала за состаноци која е во состав на објектот/зградата во кое е сместено Министерството. Реконструкцијата е извршена согласно склучен договор во декември 2017 година на вкупна вредност од 796 илјади денари со ДДВ, по спроведена постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, спроведена во хартиена форма која завршила со е -аукција. Овој износ е евидентиран како расход но не и како зголемување на набавната вредност на објектот, салата за состаноци, поради тоа што истиот не е во сопственост на министерството. Од причина што се работи за извршена реконструкција на објект

во туѓа сопственост, надлежните во министерството имале обврска да доставaт известување до сопственикот Влада на Република Северна Македонија, Служба за општи и заеднички работи, како би можел истиот да изврши зголемување на набавната вредност на објектот за вредноста на инвестиционото вложување, согласно член 19 став 1 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Министерството за економија до Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Северна Македонија, доставен е писмен допис со прилог документација за износот на извршената реконструкција на салата за состаноци со цел зголемување на вредноста на истата, поради што ревизијата не дава препорака.

4.1.4. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи по основ на потрошено гориво во вкупен износ од 1.817 илјади денари, поради тоа што е констатирано дека голем дел од вработените кои се задолжени за користење на службените возила не изготвувале налози за користење на службените возила со податоци за: релација на патување, службена обврска - задача која ќе се извршува, време на поаѓање и враќање, број на километри пред поаѓање и по завршување на службеното патување, вкупно поминати километри, а дел нецелосно ги пополнувале налозите. Ревизијата има обврска да истакне дека и покрај утврдениот месечен лимит по патнички моторни возила од страна на министерството, за секое надминување на лимитот министерот носел Решение за одобрување на дополнителни средства со кое пречекорувањето се одобрува, без притоа да биде приложен доказ за зголемениот обем на службени патувања.

Утврдената состојба не е во согласност со Интерната процедура за начинот на користење и одржување на патнички моторни возила за службени цели на Министерството за економија, како и со член 12 и член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради што постои можност за несоодветно трошење на средства по основ на потрошено гориво при користење на службените возила.

**Препорака:**

Министерот да преземе мерки и активности за доследно применување на Интерната процедура за начинот на користење и одржување на патнички моторни возила за службени цели на Министерството за економија и да носи решенија за одобрување на пречекорувањето на одобрениот лимит врз основа на приложени веродостојни докази за зголемен обем на службени патувања.

**4.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.2.1. Во врска со пописот на средствата и обврските на Министерството за економија за 2018 година, ревизијата утврди дека не е извршен попис и не се изготвени пописни листи на материјали на залиха за кои во сметководствената евиденција на 31.12.2018 година е искажана состојба од 308 илјади денари и се однесува на залиха на тонери, што не е во согласност со одредбите од член 31 и 31-а од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Со извршениот увид ревизијата констатира дека постои неусогласеност на сметководствената и материјалната евиденција на тонерите, од причина што има недостиг на соодветна документација (реверси) за задолжување и раздолжување на истите од 2016 година. Поради нецелосен и неправилно извршен попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните материјали на залиха – тонери, во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да преземат активности и мерки за спроведување на пописот на материјали на начин предвиден со законските одредби.

4.2.2. На сметката Материјални средства во подготовка со состојба на 31.12.2018 година е искажан износ од 2.406 илјади денари. Дел од истиот во износ од 2.257 илјади денари ја претставува набавната вредност на Пречистителната станица која е изградена во склопот на комплексот Македонско село градено во периодот од 2011 до 2015 година, а делот од 149 илјади денари претставува вредност на опрема баркод читач набавен во 2012 година за потребите за вршење на попис.
Со Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр.42-4814/1 од 05.05.2015 година, престанало правото на Министерството за економија на користење на недвижните ствари (градежни објекти) од комплексот Македонско село и истите се дадени на користење на Службата за општи и заеднички работи, а со Записник за примопредавање на недвижни ствари од Министерството за економија на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за објектот Комплекс "Македонско Село" с.Горно Нерези, Скопје бр. 02-4977/2 од 10.08.2015 година извршено е фактичкото примопредавање на недвижните ствари, во кој не е опфатен и објектот Пречистителната станица кој што останал и понатаму евидентиран, на сметката Материјални средства во подготовка (Градежни објекти). Причината за тоа, според надлежните од министерството била немањето имотен лист за овој објект. За таа цел, со писмен допис од 2016 година е побарано мислење од Агенцијата за катастар на недвижности дали за пречистителната станица е потребно да се изврши упис, од каде е добиен одговор

дека истата не се запишува во имотен лист. Со пописот на материјалните средства за 2018 година, како и пописите за 2016 и 2017 година, утврдено е дека Пречистителната станица и понатаму е евидентирана на сметката Материјални средства во подготовка (Градежни објекти) и пописната комисија дала предлог истата да се пренесе на користење на Службата за општии заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија. Исто така, од Секторот за финансиски прашања на министерството до Секторот за туризам и угостителство кој бил надлежен за објектот Комплекс "Македонско Село" с. Горно Нерези, Скопје доставен е допис бр. 05-3681/1 од 21.05.2018 година да се преземат активности за целосно пренесување на имотот, односно и објектот пречистителна станица. По предлогот сеуште не е постапено.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството за економија, (Секторот за туризам и угостителство) да преземат активности за целосно пренесување на имотот комплекс Македонско село, вклучително и Пречистителната станица да се пренесе на користење на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

4.2.3. Состојбата на сметка Нематеријални средства во Билансот на состојба на 31.12.2018 година е нереално и необјективно искажана во износ за 212.133 илјади денари, поради евидентирање на геолошка документација која се наоѓа во Министерството за економија и чија вредност се пренесува од 2014 година. Евидентирани се толкувачи и проекти за изработка на основни инженерски геолошки и хидро геолошки карти, изработка на геолошки карти, извештаи за: извршени истражни работи, ревизии, рецензии и истражувања, стратегии за геолошки истражувања и др. Министерството за економија не ја предало геолошката документација на Геолошкиот завод, како надлежно правно лице кое врши архивирање, управување и издавање на геолошката документација, што не е во согласност со член 2 и член 4 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија и член 8 став 3 од Законот за минерални суровини.
Вака утврдената состојба има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите на нематеријалните средства во финансискиот извештај Биланс на состојба на 31.12.2018 година.
Во текот на ревизијата по препорака од Државниот завод за ревизија, Министерството за економија на Геолошкиот завод на Република Македонија со Записник за примопредавање на геолошката документација бр.24-2894/1 од 27.05.2019 година, потпишан од трочлени комисии од двете институции, изврши предавање на дел од геолошката документација во вредност од 124.094 илјади денари.

По укажување на одговорните лица, на останатиот дел од геолошката документација во наредниот период ќе се направи попис откако истата ќе се комплетира, а дел треба да остане во Министерството за економија.

**Препораки:**
Одговорните лица во Министерството за економија да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:
- да се заврши постапката на предавање на останатиот дел од геолошката документација, на Геолошкиот завод на Република Македонија и
- во деловните книги да се спроведат соодветни книжења за намалување на вредноста на нематеријалните средства и државниот капитал за вредноста на геолошката документација која дополнително ќе се предаде на Геолошкиот завод на Република Македонија.

4.2.4. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2014 година била утврдена состојба на побарувања од вработените по основ на аванси за службени патувања кои од страна на истите не биле навремено вратени на сметката на министерството, а по дадената препорака не се преземени мерки за надминување на состојбата. И со ревизијата за 2018 година на сметката Краткорочни побарувања од вработените искажана е состојба на 31.12.2018 година од 144 илјади денари која се однесува на побарувања од вработени по основ на дадени аванси за службени патувања. Со анализа на старосната структура на побарувањата е констатирано дека 60% од нераздолжените аванси потекнуваат од 2017 година, 20% се побарувања од 2016 година, 1% од 2015 и 3% од 2014 година. Несовесното постапување на дел од вработените кои биле задолжени со аванси за службени патувања, како и непреземените мерки за нивна наплата не се во согласност со законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот и со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите им се признаваат во тековни трошоци што овозможува времено финансирање на поединци на подолг рок и незаконско и ненаменско користење на буџетски средства. Во текот на ревизијата, за лицата од кои потекнуваат овие побарувања, од страна на министерот донесени се решенија за задршка од плата поради наплата на долг кои треба да се реализираат со наплата од јунската плата, односно кај поголемите износи на побарувања 1/3 од платата до целосна исплата на долгот. Поради тоа ревизијата не дава препорака.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.1. и 4.2. се однесува на :

- кластерски здруженија кои аплицирале за добивање на средства од Министерството за економија, за проектите за кои имаат освоено ист број на бодови доделени се различни износи на финансиски средства;
- на сметка на Буџетот на РМ не се вратени неискористени парични средства за реализација на проекти на кластерски здруженија иако биле должни тоа да го направат;
- дел од вработените кои се задолжени за користење на службените возила не изготвувале налози за користење на службените возила;
- вредноста на Материјални средства во подготовка искажана е во поголем износ поради не пренесување на градежен објект на новиот субјект кај кого со одлука на Владата е пренесено правото на користење на комплексот Македонско село и
- состојбата на Нематеријални средства е нереално искажана поради не извршено пренесување, одстапување на геолошка документација на Геолошкоит завод.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Министерството за економија на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Министерството за економија за 2018 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во Министерството за

економија прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- на сметката за Материјални средства во подготовка и Државен-јавен капитал извршено е сторнирање на износот од 149 илјади денари и евидентирање на истиот на сметките од вонбилансната евиденција и
- на сметката Нематеријални средства и Државен-јавен капитал извршено е сторнирање на дел од искажаниот износ и тоа делот од 124.094 илјади денари за вредноста на проекти за геолошки истражувања, кои во текот на ревизијата, со записник за примопредавање на геолошката документација се предадени на Геолошкиот завод.

Во деловните книги за предходно наведените корекции се спроведени книжења со налог број 670001/19 од 10.06.2019 година и налог број 670002/19 од 20.06.2019 година и истите се вклучени во финансискиот извештај - Биланс на состојба за 2018 година.

6.2. Обрнуваме внимание дека Министерството за економија е тужена странка во судски спорови од 10 (десет) субјекти и тоа: од 3 (три) правни лица од кои од две за износ од 70.937 илјади денари, а од третото износот не е определен и од 7 (седум) физички лица за износ од 280 илјади денари.

Од причина што се работи за судски постапки кои се водат пред надлежните судови до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат и постои можност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, а со тоа да влијае и да го оптерети Буџетот на Република Северна Македонија.

**7. Останати прашања**

**Отплата на Заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување**

7.1. Во периодот од 2005 до 2010 година во рамки на Министерството за економија се реализирал проектот БЕРИС – Проект за реформа на деловното опкружување и институционално зајакнување во соработка со Светска банка. За таа цел во 2005 година, донесен е Закон за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по договор за заем, за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, со кој државата се задолжува со заем во износ од 8.800.000 евра, со рок за отплата од 17 години, грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР+0,75% годишно. Условите и начинот на користење на заемот се утврдени со Договор за заем склучен помеѓу Владата на РСМ и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка. За реализација на договорот надлежно е Министерството за економија, а корисници покрај

Министерството се Централниот регистар и Народната банка на РСМ, поради што во 2006 година, односно 2007 година склучени се поединечни договори за користење на средствата помеѓу Министерството за економија и Народната банка во износ од 276.000 евра и со Централниот регистар во износ од 1.400.000 евра.

Во периодот 2006 - 2010 година од заемот се искористени вкупно 6.000.000 евра (368.045 илјади денари), од кои Народната банка има искористено 39.973 евра, а Централниот регистар 1.381.007 евра.

Овие констатации, состојби се наведени и во ревизорските извештаи за извршена ревизија за 2011 и 2014 година со дадени соодветни препораки за постапување од страна на министерството.

Со извршениот увид во начинот на отплата на кредитот и со оваа ревизија констатиравме дека од 2010 година заклучно со 2018 година и ануитетот за април 2019 година, достасаните обврски за отплата на главнина и плаќање на камата целосно се сервисирани од страна на министерството, по претходно добиени средства од Буџетот на Република Северна Македонија. За тоа дали Народната банка и Централниот регистар извршиле плаќање на нивниот дел на обврската од страна на министерството немаат сознанија, а за тоа и на ревизијата не и беше презентирана документација како доказ дека дека овие субјекти го сервисираат својот дел од долгот.

Со писмен допис – Барање бр. 05-10299/1 од 19.12.2012 година упатен од страна на Министерството за економија до Министерството за финансии - Сектор Трезор покрај другото е побарано и тоа Министерството за финансии да изработи соодветни амортизациони планови кои ќе им бидат доставени на корисниците на средствата за навремено обезбедување на потребните средства за исполнување на обврските по кредитот. Од страна на Министерството за финансии добиен е писмен одговор бр. 14-45441/3 од 08.01.2013 година, со кое известува дека уплатите на средствата од страна на Централниот регистар и Народната банка потребно е да се извршат во корист на Буџетот на Република Северна Македонија (образец ПП50) на уплатна сметка 630010001963019. Исто така во врска со барањето за изработката на амортизациони планови од страна на Министерството за финансии кои ќе се достават на корисниците на средствата е одговорено дека со оглед на фактот што проектот целосно се води во Министерството за економија, истите потребно е да бидат изработени од нивна страна, а Министерството за финансии стои на располагање и е спремно за соработка за што предлага од страна на Министерството за економија да бидат изготвени нацрт амортизациони планови и истите да бидат доставени до Министерството за финансии за усогласување.

Во врска со предходно наведеното од страна на Министерството за економија изготвен е Договор за уредување и начин на плаќање на обврските по кредит од Светска банка, за проектот БЕРИС, во кои како договорни страни се јавуваат Министерството за економија, Народната банка и Централниот регистар. Договорот не е потпишан и нема реализација на одредбите од истиот.

Ревизијата препорачува во наредниот период Министерството за економија како носители на реализацијата на проектот БЕРИС – Проект за реформа на деловното опкружување и институционално зајакнување, во соработка со Министерството за финансии, Народната банка и Централниот регистар, да преземат активности за склучување на Договорот за уредување и начин на плаќање на обврските по кредитот од Светска банка со цел истите да извршат плаќање на неплатените обврски на сметката отворена за таа намена.

**Министерство за економија**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 312.955 | 251.661 |
| **Вкупно приходи** | | **312.955** | **251.661** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 70.840 | 67.855 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 61.428 | 59.440 |
| Каматни плаќања | 3.2.3. | 188 | 296 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 145.715 | 92.334 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **278.171** | **219.925** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 4.504 | 1.443 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.504** | **1.443** |
| **Отплата на главнина** | **3.4.** | **30.280** | **30.293** |
| **Вкупно расходи** | | **312.955** | **251.661** |

**Министерство за економија**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло -жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | | 0 | 45 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 144 | 220 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 7.676 | 7.857 |
| Залихи | 4.1.3. | 409 | 430 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.229** | **8.552** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 98.478 | 221.966 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 37.579 | 40.229 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 2.257 | 2.406 |
| **Вкупно постојани средства** | | **138.314** | **264.601** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **4.3.** | **106.728** | **136.985** |
| **Вкупна актива** | | **253.271** | **410.138** |
| **Вонбилансна актива** | **4.4.** | 149 | 0 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.5.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 1.629 | 1.883 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.5.2. | 46 | 61 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.3. | 6.000 | 5.913 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.4. | 144 | 265 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.819** | **8.122** |
| **Долгорочни обврски** | **4.6.** | **106.728** | **136.985** |
| **Извори на средства** | **4.7.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.7.1. | 138.724 | 265.031 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **138.724** | **265.031** |
| **Вкупна пасива** | | **253.271** | **410.138** |
| **Вонбилансна пасива** | **4.8.** | 149 | 0 |

**Министерство за економија**

**Сметка на основен буџет (637)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **264.601** | **430** | **265.031** |
| **Зголемување по основ на:** | **5.338** | **299** | **5.637** |
| Набавки | 5.338 | 299 | **5.637** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **131.624** | **320** | **131.944** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 7.381 | | **7.381** |
| Останати намалувања | 124.243 | 320 | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **138.315** | **409** | **138.724** |

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за финансиски прашања
Sektori i Çështjeve Financiare

Архивски број: 05 – 4709
Скопје, 02 -10- 2019 2019 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 03. 10. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera |
| | 14- | 108 | 7 |

До: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Улица Јордан Мијалков, Палата Емануел Чучков
1000 Скопје

Предмет: Забелешка по Нацрт извештај
Врска: Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за економија Ваш број 14-108/6 од 30.08.2019 година и наш број 02-4336/1 од 06.09.2019 година.

Почитувани,

Министерството за економија го разгледа доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерството за економија –сметка на основен Буџет-637 Ваш број 01 2019 03 05/1 од август 2019 година.

Согласно членот 30 став 2 од Законот за ревизија Министерството за економија ги доставува забелешките по наодите и препораките искажани во горе наведениот Нацрт извештај.

За наодот од Нацрт извештајот од точка 4.1.3. Да се иницира до Владата на РСМ донесување на одлука за трајно користење на објектот во кој е сместено Министерството, даваме забелешка дека препораката не е спроведлива.

Кон забелешката наведуваме дека зградата, каде е сместено Министерството за економија, е сопственост на Владата на РСМ, а во неа се сместени и следните институции : Агенција за администрација, Агенција за енергетика, Институт за стандардизација и Државен инспекторат за техничка инспекција.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

Министерството за економија неможе да преземе мерки по препораката на овластениот државен ревизор содржани во Нацрт извештајот бидејќи согласно Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 37/1998, 45/1998, 28/1999, 61/1999, 21/2002, 69/2003, 147/2007, 139/2008, 87/2009, 135/2009, 67/2010, 37/2011, 136/2012, 95/2013, 34/2014, 38/2014, 90/2014, 88/2015 и 45/2016), Одлука за изменување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр.30/2001, 21/2001, 67/2010, 37/2011, 136/2012, 95/2013, 34/2014, 38/2014, 90/2014, 88/2018,45/2016 и 188/2018), členовите еден (1) и два (два) од Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши службата за општи и заеднички работи во Владата на РСМ („Службен весник на Република Македонија", бр.8/1998, 22/2000, 75/2002, 9/2003, 24/2004, 12/2007, 5/2008, 67/2010, 21/2011, 95/2013 и 167/2018 година) како и членот 3(три) од Договорот за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2018 година наш број 05-226/1 од 05.01.2018 година склучен помеѓу Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ и Министерството за економија, надлежност на Службата е да извршува општи и заеднички работи и услуги за потребите на Министерството за економија.

Врз основа на горенаведеното ви укажуваме дека Министерството за економија нема доволен капацитет за да ја превземе таа обврска, активност и буџет.

Имајќи ги предвид сите изнесени докази и аргументи на кои Ве упатуваме , очекуваме согласно законот и правилата, Државниот завод за ревизија да ја прифати изнесената забелешка.

Воедно, искажуваме голема благодарност до ревизирскиот тим за дадените препораки во Нацрт извештајот, за кои Министерството за економија превзема мерки согласно со својата надлежност и законската регулатива .


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за финансиски прашања
Sektori i Çështjeve Financiare

Прилог: како во текстот

-Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија
-Одлука за изменување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија
-Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши службата за општи и заеднички работи во Владата на РСМ
-Договорот за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2018 година

Со почит,

МИНИСТЕР
MINISTËR
Kreshnik Bekteshi

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

Изработил/Përpiloi:Симка Крстевска, Simka Krstevska
Контролирал/Kontrolloi:Славица Синџироска, Slavica Sinxhiroska
Согласен/|Miratoi:Зоран Павловски, Zoran Pavllovski


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 02.10.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за економија бр. ... од 02.10.2019 година, од одговорното лице министер Крешник Бектеши. Истите во Државниот завод за ревизија се заведени под број ... од 02.10.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на констатираните состојби во, поточно препораката од **точката 4.1.3.,** која се однесува на: цитат "Да се иницира до Владата на РСМ донесување на одлука за трајно користење на објектот во кој е сместено Министерството за економија", **се прифаќа,** бидејќи во прилог на истите има објаснување со прилог на документи за тоа дека зградата каде е сместено Министерството за економија е сопственост на Владата на РСМ, а во неа се сместени и други институции како: Агенција за администрација, Агенција за енергетика, Институт за стандардизација и Државен инспекторат за техничка инспекција. Согласно на тоа Министерството за економија нема доволен капацитет за да ја преземе таа активност, сугерирана со препораката, како и немање активност и буџет за тоа.